GS1 Македонија



# Глобален стандард за следливост

## Поддршка на прегледноста, квалитетот и сигурноста во синџирот на снабдување

GS1 – ГЛОБАЛЕН ДЕЛОВЕН ЈАЗИК

# GS1

GS1 е глобална организација посветена на развојот и примената на глобалните стандарди и решенија за подобрување на ефикасноста и прегледноста во синџирите на снабдувањето и побарувачката.

Организацијата има повеќе од 30 години искуство во развојот на глобалните стандарди и технологии за поддршка на синџирот на снабдување.

GS1 е неутрална, непрофитна организација за стандарди (и сродни услуги). Меѓународната GS1 организација нуди широка палета на производи, решенија и услуги, вклучувајќи го и GS1 системот на стандарди, кој е најмногу користен систем на стандарди во светот во синџирите на снабдување.

Оваа палета се протега од GS1 бар кодовите, преку eCom алатките за електронско работење,  до технологијата на следната генерација како што се GS1 EPCglobal (која користи RFID), решенијата како што е GDSN (синхронизација на податоци) и глобалното решение за следливост.



# Вовед

*Поради можноста за обезбедување на глобално единствена идентификација на трговските единици, имотот, логистичките единици, деловните партнери и локаци,. GS1 системот на стандарди е особено погоден за примена со цел спроведување на следливост.*

*“Глобалниот стандард за следливост овозможува доследен пристап до следливоста долж целиот синџир на снабдување”.*

***NESTLÉ***

Безбедноста, сигурноста и следливоста во моментов се во прв план како на државните прописи, така и на стопанството ширум светот. Порано, на учесниците во националните, регионалните и глобалните синџири на снабдување им беа предлагани бројни неусогласени решенија за следење и влегување во трага.

Поради високите трошоци за примена на различните државни прописи како и на услугите и некомпатибилните решенија кои се нудат, потрошувачите, компаниите и сите учесници во синџирот на снабдување бараа дефинирање на следливоста како деловен процес, поддржан преку доброволните деловни стандарди кои се прифатени низ целиот свет.

GS1 придонесе кон создавање на глобален деловен договор за општите барања и заедничкиот начин на опишување на процесите за следливост, земајќи ги в предвид разликите кои ги наметнуваат различните деловни, правни и технолошки барања.

Од гледна точка на управувањето со информациите, примената на системот на следливост во рамките на синџирот на снабдување бара сите вклучени страни систематично да го поврзат физичкиот тек на материјалите, полупроизводите и готовите производи со текот на информациите за нив.

Таквиот пристап бара целосен преглед долж синџирот на снабдување, што најдобро се постигнува преку примена на глобалниот деловен јазик - GS1.
Фактот дека тој е прифатен ширум светот, му дава единствена позиција да може да одговори на барањата на проектирањето и имплементацијата на системот на следливост.

Поради тоа што пружа можности со GS1 стандардите глобално и единствено да се идентификуваат трговските единици, средствата, логистичките единици, деловните партнери и локациите, GS1 системот особено е погоден за имплементација на системот следливост. Водечките деловни организации, како што се CIES и ECR Europe, го подржаа користењето на GS1 решенијата за следливост.

Со цел и понатаму да ја развива способноста да биде од помош на потрошувачите, деловните субјекти и државните органи ширум светот, GS1 ја дефинираше следливоста како деловен процес и го разви глобалниот стандард за следливост кој се темели на напредните технологии и релевантните алатки на GS1 системот.

# Глобален стандард за следливост

*GS1 стандардот за следливост е стандард на деловниот процес кој ја опишува следливоста независно од изборот на технологијата.*

*“GS1 глобалниот стандард за следливост е резултат на соработката и заедничките заложби на учесниците во глобални размери. Придобивките од примената на овој стандард сега им се достапни на сите GS1 корисници без оглед на видот на нивната дејност, местото на обавување на деловните активности или големината на компанијата”.*

***CARREFOUR***

GS1 стандардот за следливост е стандард на деловниот процес кој ја опишува следливоста независно од изборот на технологијата. Тој дефинира минимум услови кои треба да ги исполнат компаниите од сите големини и стопански гранки и соодветните GS1 стандарди кои се користат како алатка за управување со деловните информации.

Стандардот бара употреба на глобално утврдени и применети алатки на GS1 системот кои единствено ја идентификуваат било која “следлива единица”, опишуваат формирање на прецизни записи за трансакциите и обезбедуваат брза размена на информациите за следената единица меѓу трговските партнери.

Тој ги задоволува основните правни и деловни потреби за да трговската единица би можела економично да се следи наназад (“еден чекор назад”) и нанапред (“еден чекор напред”) во било која точка, долж целиот синџир на снабдување, без оглед на тоа колку трговски партнери и фази на деловениот процес се вклучени и колку државни граници се поминуваат.



GS1 стандардот за следливост го опишува процесот на следливост на високо ниво и на тој начин ја овозможува и унапредува соработката меѓу учесниците во синџирот на снабдување. Истовремено овој стандард ѝ овозможува на секоја компанија да креира свој сопствен систем на следливост во согласност со своите можности, потребната прецизност и применетата автоматизација, како би ги задоволила своите комерцијални цели.

Со дефинирање на минимум заеднички барања и со утврдување на постапките кои се бараат од трговските партнери, GS1 стандардот за следливост овозможува максимална интероперабилност меѓу системите за следливост долж синџирот на снабдување, при прилагодувањето кон специфичните комерцијални и регулаторни барања на стопанските гранки.

Стандардот служи како основа за сите GS1 членки да го користат како појдовна точка при дефинирањето на своите единствени барања. Оваа основа кај деловните субјекти и државните органи ширум светот ќе обезбеди заеднички пристап и разбирање на клучните принципи.

Освен тоа, организацијата која го користи процесот на следливост базиран на проверен стандард покажува висок степен на корпоративна одговорност.







*Истовремено овој стандард ѝ овозможува на секоја компанија да креира свој сопствен систем за следливост во согласност со своите можности, потребната прецизност и применетата автоматизација, како би ги задоволила своите комерцијални цели.*

*“Општото разбирање како производите можат да се следат додека се движат долж глобалниот синџир на снабдување никогаш не било поважно. GS1 стандардот за следливост дава основа врз која ќе се изградат поделни индустриски стандарди за следливост.”*

***ЗДРУЖЕНИЕ ЗА МАРКЕТИНГ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ ПРОИЗВОДИ и КАНАДСКО ЗДРУЖЕНИЕ ЗА МАРКЕТИНГ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ ПРОИЗВОДИ***

# Примена на следливоста

Следење на материјалите, суровините и производите во двете насоки (нанапред и наназад) долж синџирот на снабдување сé повеќе станува составен дел на работењето. Традиционално, следењето на производите се применувало со цел идентификување и лоцирање на ризичните прехранбени или фармацевтски производи заради нивна елиминација од прометот. Подоцна, системите за влегување во трага се користеа за проверка на присуство или отсуство на атрибути важни за потрошувачите (нпр. природно одгледувана храна, козметика без алергени и сл.).

Следливоста исто така стана важна алатка во борбата против фалсификувањето на производите и заштита на брендовите. Од неодамна, следливоста на прехранбените призводи стана регулаторно барање со цел заштита од биотероризмот.

Следливоста може да се користи за специфични цели и како алатка во рамките на другите деловни процеси, како што се:

- ✓ Управување со квалитетот
- ✓ Управување со ризикот
- ✓ Управување со информациите
- ✓ Логистички текови
- ✓ Комерцијални предности
- ✓ Развој на управувачките барања.

## Пример на користење на следливоста и барањата за следење:



# Примери на учесници во следливоста во синџирот на снабдување:

## Пример на синџирот на снабдување со прехранбени производи




## Пример на синџирот на снабдување во здравството



# Процес на следливост

GS1 стандардот за следливост ги дефинира правилата на работењето и минимумот барања на кои треба да се придржува при креирањето и примената на системот за следливост.
Тие се концентрирани околу матрица на улоги и одговорности за секојчекор во процесот на следливост.



Потпроцесот **планирање** и **организација** одредува како да се именуваат, соберат, разменат и чуваат податоците за следливост. Освен тоа, тој одредува како да се управува со врските меѓу влезните податоци, интерните процеси и излезните податоци.

Потпроцесот **усогласување на основните податоци** одредува како да се идентификуваат деловните партнери и физичките локации, трговските единици и имотот. Тој исто така одредува како да се разменуваат основните податоци со трговските партнери.

Потпроцесот **запис на податоците за следливост** одредува како да се додели, примени и опфати идентифи кацијата на следливите единици кои се следат, т.е. како да се собираат, разменат и чуваат податоците за следливост во тек на физичкиот тек.

Потпроцесот **барање за следење** одредува како да се започне и одговори на барање за следење.

Потпроцесот **користење на информациите** овозможува користење на претходните процеси поради преземање на соодветни мерки, како што тоа го налагаат правните и деловните барања.



## Следниве GS1 стандарди овозможуваат имплементација на GS1 стандардите за следливост:

- ✓ Глобален број на трговската единица (GTIN)
- ✓ Глобален локациски број (GLN)
- ✓ Сериски код на контејнерите за транспорт (SSCC)
- ✓ Бар Код GS1-128
- ✓ DataBar (просторно редуцирана симбологија - RSS)
- ✓ Data Matrix
- ✓ Електронски код на производите (EPC)
- ✓ Глобален речник на податоците (GDD)
- ✓ GS1 XML и EANCOM е-деловни пораки
- ✓ Општи GS1 спецификации
- ✓ Глобална класификација на производите (GPC)

# Придобивки

*Како што деловните субјекти ја согледуваат вредноста на следливоста, тие не сакаат повеќекратни, потенцијално спротиставени системи за следливост, ниту непотребно зголемување на трошоците. Исто така согледуваат дека секоја компанија е само еден партнер во синџирот на снабдување, а дека синџирот е силен онолку колку е силна неговата најслаба алка. Затоа сакаат систем кој лесно може да го усвои речиси секој во синџирот на снабдување.*

GS1 стандардот за следливост ова го постигнува благодарејќи на следново:

✓ **Се темели на постојната деловна пракса** и нема потреба за купување, креирање или интегрирање на нови системи.

✓ **Користи заеднички јазик**, GS1 систем за идентификација и бар кодирање, као и GS1 EANCOM i GS1 XML за размена на деловни пораки.

✓ **Широко е распространет** затоа што GS1 стандардите се користат во повеќе од 150 држави ширум светот и ги применува мнозинството деловни партнери во синџирот на снабдување (ги користат преку милион компании).

✓ **Има глобален пристап** бидејќи го набљудува глобалниот синџир на снабдување како целина, не се занимава со поединечен партнер.

✓ **Темелен е** бидејќи ги дефинира основите на следливоста: идентификација, опфат и управување со податоците, управување со врските и комуникациите.

✓ **Фокусиран е** на врските меѓу физичкиот тек на материјалите и производите, воспоставувајќи отворен, глобален однос меѓу независните партнери.

✓ **Флексибилен е**, бидејќи согледува дека состојбите се разликуваат во и меѓу стопанските гранки, па поради тоа пружа апликациии по мерка.

✓ Тоа не е стандард за интерна следливост и покрај тоа што ги покажува влезовите и излезите кои што мораат да бидат поврзани со интерниот сcстем на следливост.

✓ Тоа не е ниту закон ниту пропис, иако е креиран така да на деловниот субјект му помогне да се придржува кон постојните и очекуваните закони и прописи.

✓ Тоа не е замена за услуги, како што се оспособувањето или поддршката во примената, иако ги идентификува видовите на информациите и основните спецификации за кои давателот на услуги мора да води сметка при креирањето на системот за управување со следливоста.

✓ Тоа не е замена за програмите за безбедност или квалитет, туку дополнување кога ќе се појави некој проблем. На пример, за програмите за сигурност на хране како што е Глобалната иницијатива за безбедност на храната CIES и програмите за квалитет како што е EUREPGAP.

GS1 Македонија

ул. Маршал Тито бр. 19, Скопје

Директор:
Слаѓана Милутиновиќ

тел.  02/ 32 54 250 факс: 02/ 32 54 254

smilutinovic@gs1mk.org.mk

www.gs1mk.org